Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

15 октомври, 2021

Архивски број : 24-5363/6

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин “Маркова Нога - Лемос”, КО Долно Дупени, општина Ресен

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин “Маркова Нога - Лемос”, КО Долно Дупени, општина Ресен. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 15.10.2021 до 31.10.2021 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk. Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Весна Андриевска, диа

Vesna
Markovska

Digitally signed by Vesna Markovska
DN: o=Ministerstvo za transport i vrski, c=MK, email=vesna.markovska@mtc.gov.mk, sn=Markovska, givenName=Vesna, cn=Vesna Markovska
Date: 2021.10.15 13:05:45 +02'00'

Изработил: Александар Карангелов, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk